ПРАШАЊА ЗА ВОСПИТУВАЧИТЕ

Прашања од педагошката литература

1. **Која е разликата меѓу интенционалното и функционалното воспитание**
   Разлика меѓу интенционалното и функционалното воспитание се состои во следното: Интенционалното воспитание се однесува на организиран процес кој се стреми кон постигнување на планирана цел, додека функционалното воспитание се однесува на ненамерни влијанија без претходно испланирани цели.

2. **Кои се разликите меѓу функционалниот и хуманистичкиот пристап кон воспитанието.**
   Функционалниот или бихевиористичкиот пристап кон воспитанието, го разбира детето како пасивен организам со кои управуваат надворешни предизвици. Додека хуманистичкиот пристап кон воспитанието се потпира на внатрешните потенцијали на детето и согласно на нив го организира целокупното воспитно-образовно делување.

3. **Што проучува предучилишната педагогија?**
   Предучилишната педагогија е научна дисциплина која ги проучува специфичностите на воспитниот процес на децата од раѓање до поаѓање на училиште.

4. **Кои се факторите на развојот во предучилишниот период?**
   Фактори на развој се наследството, срединските фактори, културата, активноста на детето.

5. **Објасни ги поимите акцелерација и амплификација во развојот**
   Акцелерација преставува процес на забрзување на развојот на децата.
   Амплификацијата пак значи збогатување на психичкиот развој на детето чија цел е достигнување на максимално можно ниво на формирање на оние психолошки квалитети и способности кои се карактеристични за одредена возраст и почнале да се изградуваат на дадената развојна фаза.

6. **Што се подразбира под *критични периоди* во развојот на децата**
   Периодот кога во својот онтогенетски развој, организмот е посебно осетлив на некои влијанија кои доаѓаат од неговата околина и кога се јавуваат оптималните можности за поттикнување на определени функции, се нарекуваат критични периоди во развојот.

7. **Со што се карактеризира фазата на егоцентризам кај децата**
   Егоцентризмот се манифестира со склоноста на детето за се да суди според себе си, односно неспособност да ги сфати туѓите гледишта.

8. **Кои методи на воспитно-образовна работа се користат со децата во предучилишниот период?**
   Во предучилишниот период се користат многу методи на воспитно-образовна работа но карактеристични за овој период се откривачки, проблемски, вербален и покажувачки метод.

9. **Објасни го откривачкиот метод во воспитно-образовната работа со децата.**
   Со откривачкиот метод детето учи низ сопствената активност. Тоа, на тој начин, го богати и стимулира своето искуство како основа за полесно разбирање и појмовно поврзување на сознанијата кои ги стекнува. Откривачкиот метод, низ процесот на активирањето на детето, овзможува постепено вклучување на интелектуалните опреации. Воспитувачите, притоа, треба да му помогнат на детето тоа низ практичното дејствување врз предметите и појавите полесно да ги перцепира и издвои карактеристиките и фактите кои се значајни за формирање на соодветни поими и појмовни конструкти. За таа цел погодни се истражувачките активности и проекти кои се соодветнои на возрасните и ндивидуалните можности на детето.

10. **Кои се етапите на реализација на проблемскиот метод?**
    Етапите во реализацијата на проблемскиот метод претставуваат стратегија која децата треба да ја усвојат за изведувањето на низа интелектуални операции. Поединечните етапи за таа цел се следните: Чувствување потреба од надминување на одредена ситуација; определување на проблемот кој постои; трагање по сознанија од детското искуство; формулирање на хипотези/претпоставки за решение на дадениот проблем; теориско и практично испробување на хипотезите,; изнаоѓање решенија и донесување заклучоци.

11. **Што претставува постапката на *активна вербализација* во воспитно-образовната работа со децата?**
    Постапката на активна вербализација се употребува во контекстот на примената на вербалните методи и претставува комбинирање на говорот и акцијата кај детето, со цел да се избегне злоупотребата или претераното нагласување на вербалните методи во однос на методите кои имаат активен карактер. На пример, при употреба на пантомимата кога децата се

активни во невербалниот говор и треба да опишат што претставуваат со мимиките, потоа при творечките активности кога децата ги објаснуваат своите постапки и сл.

12. **Кое е значењето на соработката меѓу градинката и семејството?**
Оваа соработка е пред се неопходна заради детето и неговата адаптација во детската градинка, како и заради обезбедување изедначен пристап во воспитанието на детето, со цел за поквалитетно воспитно влијание. Взаемното почитување на родителите и воспитувачите, нивната доверба и активно следење на се што се случува во градинката и со сопственото дете, е важна претпоставка за остварување на соработката помеѓу овие два значајни фактора во животот на секое дете кое посетува градинка.

13. **Кои се се најзастепени форми на соработка со семејството**
Формите на соработка со родителите се: Разговори (индивидуални и во мали групи); состаноци: информирање на родителите усно и писмено (со белешки, тетратки, огласна табла, билтени, информативни материјали и др.); Вклучување во планирање на воспитно-образовната работа; Учество во реализацијата на одредени активности во групата и во пошироката средина; посети во домот на децата; заеднички прослави на родендени и други манифестации; збогатување на просторот со средства и неструктуриран материјал; заеднички излети, прошетки, театарски и куклени претстави и сл.

14. **Како ќе се унапреди соработката меѓу предучилишните установи и семејството**?
Тоа ќе се случи доколку се зголеми знаењето на родителите за улогата на градинката, знаењето за начините на учење кај децата од различни возрасти, потоа, доколку им се помогне да ја разберат и да ја прифатат сопствената улога во развојот на децата, доколку се создаде кај нив позитивен став кон образованието и доверба кон градинката. Потребно е родителите да станат свесни за своите можности во воспитувањето на децата и да се поттикне кај нив потребата од поддршка на нивното воспитно влијание.

15. **Кои се основните права на децата според Конвенција за заштита на правата на децата**
Основни права на децата треба да ги почитуваат државите-потписнички на Конвенцијата за правата на децата се: право на живот, право на опстанок, право на образование, право на здраствена и социјална заштита

16. **Развивање на самопочитувањето кај децата**
Самопочитувањето кај децата почнува со запознавањето на себе преку стекнување на физичка и психичка претстава за своите карактеристики. Позитивното или негативното гледање на своите можности притоа е во тесна зависност од нивото на аспирацијата кај децата. Аспирацијата која е повисока од можностите доведува до неуспех и обратно - пониската аспирација не поттикнува иницијатива кај детето. Аспирациите кои се сообразени со можностите на детето доведуваат до постигнување на целта што постепено доведува до верување во себе и до самопочитување. Токму затоа е потребно познавање на своите можности, како и обезбедување услови од страна на воспитувачот за нивна проверка и за сообразеност на аспирациите со степенот на нивниот развој. Детето низ социјалното опкружување треба да ги согледа разликите меѓу врсниците и со помош на воспитувачот да ги прифати како специфичности кои треба да се почитуваат. Тоа полесно ќе го направи ако и самото е почитувано од страна на воспитувачот и ако е третирано како субјект во воспитно-образовниот процес.

17. **Поим за интегрирано планирање**
Интегрирано планирање е планирање кое ги креира, обединува и ги става во содејство сите содржински и стратешки моменти во воспитно-образовниот процес, со цел холистички да се влијае врз развојот на детето

18. **Играта како примарна активост во детската возраст**
Играта е основното средство/метод/форма на воспитно-образовното дејствување за кое детето има посебни животни потреби и кое обезбедува живеење и учење сообразено со детските развојни и индивидуални карактеристики, потенцијали и интереси. Низ играта детето се изразува себеси, ги искажува своите потреби, желби и намери, се социјализира, корегира некои развојни аспекти и учи.

19. **Карактеристики на детската игра**
Спонатана и слободна активност на децата која се одвива без надворешна нужност. Таа е од посебно развојно значење за децата и нивниот развој.

20. **Карактеристики на дидактичките игри**
Дидактичките игри претставуваат игри со правила и се насочени кон реализација на определени образовни цели.

21. **Што се центри за учење и активност и како се креираат?**

Центрите за учење и активност претставуваат посебни делови во просторијата и надвор од неа, чиј дидактички материјал, играчки, средства и предмети се структурирани во логички целини, насочени кон учење и кон поддршка и развој на детските потенцијали. Во соодветни центри можеме да ги наброиме следните: Центар за семејно-драмски игри и иактивности, центар за математички игри и активности, библиотечен центар, центар за истражувачки игри и активност, центар за мирни игри и активности, центар за игри песок-вода, центар за конструктивни и манипулативни игри, сообраќаен центар, центар за музички игри и активности и други. Организацијата и комбинирањето на центрите зависи од детските интереси и потреби, како и од воспитно-образовните цели.

22. **Што подразбираш под поимот деперцептуализација?**
Под поимот деперцептуализација во развојот се подразбира преминот од практично-перцептивно кон мисловно или појмовно решавање на проблемите кај децата од предучилишна возраст

23. **Кои услови се потребни за развивање на самостојноста кај децата?**
Основен услов кој е потребен за поддршка на самостојноста кај децата претставува специјално приспособена средина во која тоа може релативно самостојно и безбедно да дејствува, што не го исклучува и постоењето на извесни заклучувања за кои тоа треба да е свесно. Просторијата треба да е опремена и организирана на тој начин што детето ќе може самостојно и безбедно да да влегува во различни односи со лицата и предметите во неа, да ги организира и преуредува, да ги комбинира предметите според своите потреби и идеи. Тоа ќе обезбеди поголема независност на детето во донесувањето на одлуките , како и нивно споделување со возрасните лица во просторијата. За таа цел детето треба да располага со доволно време за да ги заврши замислените активности. Воспитувачот не треба постојано да го спрчува во акциите и не треба да ги потиснува иницијативите на детето за да не дојде до негово повлекување и до зависност од дозвоклата на возрасните при преземање на конкретни акции. На детето треба да му се овозможи учество во донесување на некои одлуки и решенија кои се во согласност со нивните развојни можности, како и со интересите на групата.

25. **Процесот на адаптација во раното детство**
Процесот на адаптација се определува како активно приспособување на поединецот (детето) во условите на новата општествена средина.

26. **Наведи постапки со помош на кои може да се олесни адаптацијата на децата во градинката**

Постапки со помош на кои може да се олесни адаптацијата на децата во градинката се: Претходна посета на воспитувачот во домот на детето, еластично време на приемот на детето во установата, постепено продолжување на престојот во установата, доближување на условите на градинката до условите во семејството, толерирање на носењето омилени играчки од дома, грижлив, одмерен и топол однос на воспитувачот, на негователката и сите останати во установата, да нема нагла промена на навиките на детето кои се стекнати во семејството, претставување на другарите во групата како и претставување на елементите од целосното опкружување во просторијата и зградата, обезбедување можности за престој на родителот или друг близок од семејството во воспитно-образовната група и во градинката.

27. **На колку поопшти категории се делат Монтесори материјалите и кои се тие?**

Монтесори материјалите се делат во четири поопшти категории и тоа Материјали за секојдневни вежби, сензорни материјали, академски материјали, културни и уметнички материјали.

<u>Прашања од Стандардите за рано учење и развој</u>

28. **Објаснете на што се однесува холистичкиот пристап во развојот на децата**

Холистичкиот пристап се однесува на организирано влијание врз целокупниот развој на детето, наспроти парцијалното влијание врз поединечни равојни домени. Тој содржи елементи на квалитет во раниот детски развој кој главно се однесува на заштитата на здравјето на детето и обезбедување на сигурна околина за учење и развој, зајакнување на развојната подготвеност и подготвеноста за на училиште.

29. **Што е развоен домен?**

Развојниот домен се однесува на различен аспект на развојот на детската личност, иако малите деца се развиваат холитички и посебните равојните домени се меѓусебно поврзани.

30. **Што е стандард за рано учење и развој?**

Стандардот е изјава за нашите очекувања што децата треба да знаат и умеат да направат во текот на нивниот развој на одредена возраст.

31. **Што е индикатор на стандардот за рано учење и развој?**

Индикаторот е видлива и мерлива манифестација на она што детето го прави. Индикаторот е секогаш поврзан со стандардот

32. **Што претставуваат активностите за учење?**
    Стратегии во вид на разни активности коишто возрасните ги организираат со детето дома или во градинка со цел да му помогнат во достигнувањето на индикаторот. Согласно со потребите наметнати од специфичноста на учењето во периодот на раниот детски развој, основна карактеристика и услов за успешност на активностите за учење е детето да има активната улога во процесот на нивното планирање, организирање и реализирање .

33. **Каква е дистрибуцијата на возрасните групи според Стандардите за рано учење и развој?**
    Стандардите за рано учење и развој во Р.Македонија се однесуваат на возрасниот интервал од 0-6 години или од 0-72 месеци, поделено во следниве возрасни групи:
    0-2 години (0-6 месеци, 6-18 месеци,18-24 месеци)
    2-3 години (24-36 месеци)
    3-4 години (36-48 месеци)
    4-6 години (48-60месеци, 60-72 месеци)

34. **Кои се клучните вредности кои што се очекуваат од децата на возраст од 0 до 6 години и се основа за дефинирање на стандардите за рано учење и развој за доменот *Физичко здравје и моторен развој ?***
    Клучните вредности кои што се очекуваат од децата на возраст од 0 до 6 години а се основа за дефинирање на стандардите за рано учење и развој во доменот *физичко здравје и моторен развој* се: физичка компетентност и добра физичка кондиција која обезбедува висок степен на подготвеност за одење во училиште и активно учество во процесот на учење; активно учество на децата во животната околинакоја ги опкружува; способност за примена на здрави и безбедни практики во секојдневните активности.

35. **Кои се клучните вредности кои што се очекуваат од децата на возраст од 0 до 6 години и се основа за дефинирање на стандардите за рано учење и развој за доменот *Социоемоционален развој ?***
    Клучните вредности кои што се очекуваат од децата на возраст од 0до 6 години а се основа за дефинирање на стандардите за рано учење и развој во доменот *социо-емоционален развој* се: самодоверба и компетентност во интеракциите со околината и врсниците; способност за разбирање на сопствените емоции; контрола на сопствените чувства; позитивна емоционална состојба; респект и одговорност кон сличностите и различностите во заедницата

36. **Кои се клучните вредности кои што се очекуваат од децата на возраст од 0 до 6 години и ес основа за дефинирање на стандардите за рано учење и развој за доменот *Пристап кон учење ?***

Клучните вредности кои што се очекуваат од децата на возраст од 0 до 6 години а се основа за дефинирање на стандардите за рано учење и развој во доменот пристп кон учење се: љубопитност и учење; иницијативност; упорност и посветеност; креативност и инвентивност; рефлексија и интерпретација

37. **Кои се клучните вредности кои што се очекуваат од децата на возраст од 0 до 6 години и ес основа за дефинирање на стандардите за рано учење и развој за доменот *Јазик, комуникација и развој на писменост ?***

Клучните вредности кои што се очекуваат од децата на возраст од 0 до 6 години а се основа за дефинирање на стандардите за рано учење и развој во доменот Јазик, комуникација и развој на писменост се: Способност за слушање и разбирање на говорниот јазик; Правилно зборување и елоквенција; Комуникациски вештини; Интерес кон читање на книги; Развој на способност за писмено изразивање; Развој на чувство за постоење на културна и јазична различност.

38. **Кои се клучните вредности кои што се очекуваат од децата на возраст од 0 до 6 години и ес основа за дефинирање на стандардите за рано учење и развој за доменот *Когнитивен развој и стекнување на општи знаења ?***

Клучните вредности кои што се очекуваат од децата на возраст од 0 до 6 години а се основа за дефинирање на стандардите за рано учење и развој во доменот когнитивен развој и стекнување на општи знаења се: способност на децата да размислуваат; способност за стекнување и користење нови информации; способност за активно решавање на проблемите, во зависност од нивниот развоен стадиум; способност за критичко размислување

39. **Интермитентност во развојот**

Интермитентност во развојот значи дека детскиот развој, особено во првите години од животот не тече мазно и рамномерно туку циклично. Одделни форми на однесување се појавуваат и се губат за да се појават се додека по извесен период некоја форма не се зацврсти.

40. **Алтернативност во развојот**

Алтернативноста во развојот претставува појава развојот на разните функции наизменично да се менува, додека во еден период една функција нагло се развива, друга стагнира.

41. **Константност во развојниот редослед**

Преставува законитост која значаи дека без разлика на фактот  што некои деца се развиваат побрзо од другите деца, односно децата на иста возраст постигнуваат различни степени на развој, развојниот ред со кои се воспоставуваат функциите кои претежно зависат од созревањето, остануваат непроменливи.

42. **Карактеристики на физичкиот развој во раното детство**

Во физичкиот и моторниот развој кај децата се забележува тенденцијата за користење на повеќе мускули отколку што е неопходно, како и трошење на непотребна енергија. Подоцна движењата се редуцираат на оние кои се неопходни.

43. **Развој на емоциите во раното детство**

По раѓањето кај децата се забележува само една емоција, возбуда од која подоцна се развиваат и други емоции, вознемиреност, задоволство, од 3-6 месеци, гнев, гадење, страв; од 9-12 месеци, воодушевување, наклонетост; од 15 месец љубомората итн.

44. **Кризата на третата година (Виготски)**

Учењето и развојот кај децата, според Виготски имаат свои специфичности. Имено до 3 година децата учат спонатано, според сопствена програма. Напредувањето на детето ќе зависи од тоа колку е средината стимулативна и поттикнувачка за учење и развој. Во третата година детето преминува од спонатно кон спонтано реактивно учење, односно можностите за надворешно влијание и делување врз детето се зголемуваат. Во 7 година детето преминува кон реактивното или школско учење.

45. **Разлики помеѓу функционален и хуманистички пристап кон воспитанието**

Функционалниот или бихевиористичкиот пристап кон воспитанието, детето го разбира како пасивен организам со кои управуваат надворешни предизвици. Додека хуманистичкиот пристап кон воспитанието се потпира на внатрешните потенцијали на детето и согласно на нив го организира целокупното воспитно-образовно делување.

46. **Фактори на развој во раното детство**

Фактори на развој се наследството, срединските фактори, културата, активноста на детето.

47. **Што се подразбира под структурирана средина**
Пред се тоа е стимулативна средина за учење и развој која е структурирана согласно развојните и возрасните карактеристики на децата.

48. **Што претставува процесот на појмовна концептуализација во учењето кај децата**
Процесот на концептуализација во процесот на учењето претставува групирање на предметите, појавите или својствата според некои заеднички особини, во свеста на детето, кои за различните потреби можат да се прегрупираат и во други конструкти но според други заеднички особини. На тој начин се придонесува кон разбирањето и градењето на поимите кај детето и се формира неговиот интелектуален видокруг. Од тие причини потребна е богата стимулативна средина и активности кои постојано ќе го богатат детското искуство и ќе обезбедуваат активност на неговите интелектуални функции.

49. **Што претставува учењето низ активност?**
Учењето низ активност е процес во кој детето открива и учи низ непосреден контакт и интеракција со предметите и појавите во опкружувањето, вклучувајќи ги притоа, како своите сетила така и интелектуалните функции. Низ овој процес детето го богати своето искуство и самостојно открива, поради што и стекнатите знаења се потрајни и постабилно се поврзани во појмовни конструкти.

50. **Когнитивно-развоен пристап кон воспитанието**
Овој пристап детето го третира како активен субјект, му овозможува потполна слобода и активна улога во воспиниот процес. На прв план ја истакнува мотивацијата за учење и развој и остварување на когнитивните цели кои подразбираат способност за класифицирање нумерички поими, просторни односи и говор.

51. **Целите на воспитанието во раното детство**
Во одредување на целите на воспитанието, се прават обиди да се воспостави рамнотежа помеѓу три меѓусебно зависни фактори, современите општествени потреби, одредување на основните принципи и вредности и потребите на самите деца.

52. **Видови планирања:**
тематското планирање
интегрирано планирање
долгорочно-годишно

среднорочно-тематско (периодично)
краткорочно-дневно (оперативно)

53. **Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа во детската градинка**
Тоа е процес на избор на адекватни содржини, методи, форми и средства од различни воспитни подрачја од програмата или домени на развој и нивна правилна распределба и реализација, во текот на одреден временски период, со децата од различна возрасна група.

54. **Објасни ги поимите акцелерција и амплификација**
Акцелерација преставува процес на забрзување на развојот на децата.
Амплификацијата пак значи збогатување на психичкиот развој на детето чија цел е достигнување на максимално можно ниво на формирање на оние психолошки квалитети и способности кои се карактеристични за одредена возраст и почнале да се изградуваат на дадената развојна фаза.

55. **Законитости на психофизичкиот развој кај децата?**
Тоа се интермитентност, алтернативност, константност на развојниот ред, цефало-каудален и проксимо-дистален правец на развој, тенденција на излишно ангажирање на мускулите, развој од подеднаква контрола на билатералните органи кон подобра контрола на унитералните органи.

56. **Особини на предучилишна возраст?**
Тоа се Биолошки дефицит, Пластичност, Сетилност, Емоционалност, Ранливост, Егоцентризам.

57. **Видови учења во раниот детски развој?**
Учење со идентификација, Учење со имитација, Учење со учење на улоги.

58. **Детството како посебен развоен период?**
Поимите за детето, функцијата на детството, семејството, воспитанието, во различни историски периоди немале исто значење. Откривањето на детето и детството како посебен развоен период се следи преку начинот на кој децата се претставени во сликарството и иконографијата. Од 13 век, типовите на децата претставени на сликите стануваат постепено поблиски на нашите поими за детството.

59. **Семејството и воспитувањето на децата?**
Семејството претставува првата социјална средина за секое дете. Влијанието на семејсвото и пренесувањето на социјалните модели имаат

пресудно значење во првите години од животот на секое дете.притоа процесот на идентификација е пресуден. Воспитувањето на децата во голема мера зависи од низа фактори.

60. **Значење на соработката меѓу градинката и семејството?**
Оваа соработка е пред се неопходна заради детето и неговата адаптација во детската градинка. Взаемното почитување на родителите и воспитувачите, нивната доверба и активно следење на се што се случува во градинката и со сопственото дете, е важна претпоставка за остварување на соработката помеѓу овие два значајни фактора во животот на секое дете кое посетува градинка.

61. **Активно родителство**
Активното родителство, претпоставува партнерски пристап и однос помеѓу сопружниците и нивна взаемна доверба во однос на заедничкото воспитување на сопственото дете/деца.

62. **Конвенција за заштита на правата на децата?**
Документ на Обединетите нации со кои се регулираат правата на децата до 18 годишна возраст(право на живот, право на опстанок, право на образование, право на здраствена и социјална заштита итн). Република Македонија е потписник на конвенцијата за правата на децата.

63. **Што претставува точка на оптимален период на развој?**
Постојат периоди кога организмот е особено осетлив на влијанија кои доаѓаат од неговата околина и кога се јавуваат оптимални можности за поттикнување на определени функции, чија успешност зависи од тоа колку се слага со нивото на развој на организмот. Овие периоди се нарекуваат периоди на осетливост.

64. **Во кој домен се вбројува делот насловен како *Здраво и безбедно однесување?***
Здраво и безбедно однесување е дел од доменот *Физичко здравје и моторен развој.*

65. **Љубопитност, креативност, иницијативност и упорност се клучни вредности на доментот**
Љубопитноста, креативноста, иницијативноста и упорноста се клучни вредности на доментот - Пристап кон учење.

66. **Дистрибуцијата на возрасни групи во стандардите за рано учење и развој се однесува на возрасниот интервал од**

Дистрибуцијата на возрасни групи во стандардите за рано учење и развој се однесува на возрасниот интервал од 0-6 години, односно од 0-72 месеци.

**67. Учењето дека семејството е место на размена, на интеракција, развој и промени се однесува на?**

Учењето дека семејството е место на размена, на интеракција, развој и промени се однесува на еколошката теорија.

**68. Хуманистичкиот пристап кон воспитанието произлегува од?**

Хуманистичкиот пристап кон воспитанието произлегува од Феноменолошкото толкување на човековата природа.

**69. Когнитивно развојните програми одговараат на?**

Когнитивно развојните програми одговараат на хуманистичкиот пристап кон воспитанието.

**70. На кој пристап кон воспитанието му припаѓаат матурациско-социјализациските програми?**

Матурациско-социјализациските програми му припаѓаат на хуманистчикиот пристап кон воспитанието.

**71. Кои програми ги нарекуваме делумно структуирани и зошто?**

Делумно структуирани ги нарекуваме когнитивно-развојните програми. Тие овозможуваат баланс меѓу слободата на детето да избере, од една страна и насоченото воспитно-образовно влијание врз него, од друга страна.

**71. Организираното предучилишно воспитание ја заменува семејната воспитна улога или ја ја дополнува семејната воспитна улога?**

Семејството претставува најзначаен фактор во поставувањето на основите на секоја личност. Тоа е првата средина во која детето го прави првиот контакт со светот што го опкружува и во која ги доживува првите искуства и емоционлни искушенија. Семејството е примарен чинител во задоволувањето на детските интелектуално-когнитивни, социо-емоционални, психички и други развојни потреби. За разлика од воспитанието и образованието во образовните институции, семејното воспитание не е организиран процес. Воспитните ефекти во него се засновани врз експресијата на емоциите и врз интимната атмосфера која, заедно со љубовта, се основни средства за влијание врз детето. Оттука, семејното воспитание има функционална природа заснована на емоционални врски и на процесите на идентификација, што е еден од најзначајните воспитни моменти. Токму затоа, организираното предучилишно

воспитание не може да ја замени , туку со организирано и планско воспитно-образовно дејствување може да ја надополни семејната воспитна улога.

**72. Едукацијата на семејството претставува:**

Едукацијата на семејството претставува една од основните функции на организираното предучилишно воспитание, која придонесува кон поквалитетен процес на ран детски развој. Оваа функција произлегува од потребата да се потенцира, збогати, канализира и надополни семејната воспитна улога, да се надминат предрасудите по однос на културните различности кај децата и да се усогласат воспитните влијанија меѓу двата значајни фактори во раниот детски разој – градинката / центрите за ран детски развој и семејството.

**73. Детскиот развој во првите години од животот не тече рамномерно и мазно. Оваа законитост во детскиот развој ја именуваме како?**

Оваа законитост во детскиот развој ја именуваме како интермитентност во развојот.

**74. Предучилишното воспитание и образование кај нас се базира на ?**

Предучилишното воспитание и образование кај нас се базира на Хуманистичкиот пристап кон образованието.

**75. Когнитивно – развојните програми произлегуваат од хуманистичкиот пристап кон образованието.**

Когнитивно – развојните програми произлегуваат од хуманистичкиот пристап кон образованието, пред се, затоа што овозможуваат почитување на детските индивидуални и развојни потенцијали, можности и потреби. Концепциска поставеност на овие програми се темели на почитувањето на детската личност. Во нивната реализција низ воспитно-образовниот процес детето има активна улога и слобода самостојно да избере во која од понудените активности да се вклучи.

**76. Периодот на моторичкиот развој кај децата од предучилишна возраст се дели на?**

Периодот на моторичкиот развој кај децата од предучилишна возраст се дели на: 0 до 2 година, 2 до 3 години, 3 до 4 години, 4 до 6 години.

**77. Под цефало-каудален принцип во моторниот развој кај децата се подразбира?**

Под цефало-каудален принцип во моторниот развој кај децата се подразбира контрола на мускулите која започнува од горните делови на телото кон долните.

78. **За презентирање на моторичките задачи во предучилишната возраст се користат?**
    За презентирање на моторичките задачи во предучилишната возраст се користат метода на демонстрација, метода на поставување моторички задачи и метода на „жив збор" - вербална метода.

79. **Основни цели на финиот моторичкиот развој се?**
    Основни цели на финиот моторичкиот развој кај децата се воспоставиње на контрола на движењата на дланките и прстите, детето даа може да ракува со играчки и разни предмети.

80. **Штафетните игри како организационен облик на работа на насочената моторичка активност кај децата од предучилишна возраст претставува:**
    Штафетните игри како организационен облик на работа на насочената моторичка активност кај децата од предучилишна возраст претставуваат игри во кои две или повеќе групи се обидуваат одреден предмет да го пренесат до целта.

81. **Основни цели на здравото и безбедно однесување се?**
    Основните цели на здравото и безбедно однесување се детето да презема активности поврзани со лична хигиена и детето да може да препозае опасни ситуации.

82. **Основните цели на сензомоторниот развој се?**
    Основни цели на сензомоторниот развој се детето да ги користи своите сетила (вид, слух, допир, мирис) за да го регулира на движењето.

83. **Примери на активности за грубиот моторен развој кај децата на возрст од 2 до 3 години;**
    Примери на активности за грубиот моторен развој кај децата на возрст од 2 до 3 години се: одење на кратко растојание, трчање со промена на брзина и правец, качување и симнување на скали, развивање ориентација во простор, чувство за ритам.

84. **За обучување на моторичките задачи во предучилишната возраст се користат?**

За обучување на моторичките задачи во предучилишната возраст се користат: синтетичката, аналитичката и комбинираната метода.

85. **Организациони форми на работа во насочената физичка активност во предучилишната возраст се:**
Организациони форми на работа во насочената физичка активност во предучилишната возраст се: фронтална, групна и индивидуална форма.

<u>Прашања од законската и програмската регулатива</u>

86. **Работното време на воспитувачот кое го поминува со децата од детската градинка изнесува?**
Работното време на вработените во детската градинка изнесува 40 часа неделно. Утврденото работното време заради природата на работата, за воспитувачот и негувателот, се распределува на работно време поминато со децата и останато работно време за други програмски активности. Работното време поминато со децата, како дел од вкупните програмски активности во рамки на полното работно за воспитувачот изнесува 30 часа во неделата, а за негувателот 35 часа во неделата. Основната плата, надоместокот на плата и надоместокот на трошоците поврзани со работата, се пресметуваат и исплатуваат на вработениот врз основа на работно време како и евиденцијата што ја води работодавачот. Распоредот на работното време на вработените во рамките на 40 часовна работна недела во јавните установи за деца го утврдува министерот. Почетокот и завршетокот на работното време на јавна установа за деца основана од општината, општината во градот Скопје и градот Скопје го утврдува советот на основачот, а за јавна установа за деца основана од Владата министерот.

87. **Какви програми според времетраењето остварува детската градинка**
Дејноста на детската градинка се остварува според програми за остварување на дејноста. Детската градинка е должна на родителите да им ги претстави програмите кои ги изведува, нивните цели, содржини и методи на работа. Родителите имаат право за своите деца во детските градинки да избираат програми за згрижување и воспитание на децата. Детската градинка според времетраењето остварува програми за:
- целодневен престој;
- полудневен престој;
- скратени програми;
- пилот програми и
- вонинституционални форми за активности со деца.

Детската градинка може да остварува и програма за продолжен престој за деца според потребите и работното време на корисниците на овие услуги.

Програмите за целодневен престој траат од 9 до 11 часа и може да се изведуваат предпладне, попладне, целодневно или наизменично. Програмите за полудневен престој траат од 4 до 6 часа и може да се изведуваат предпладне, попладне или наизменично. Скратените програми траат од 260 до 600 часа годишно. Програмите за целодневен престој и програмите за полудневен престој се наменети за деца на возраст до поаѓање во основно училиште и опфаќаат згрижување и воспитување на децата. Скратените програми се наменети за деца на возраст од три години до шест години односно до поаѓање во основно училиште и опфаќаат згрижување и воспитување на децата со или без исхрана на децата. Скратените програми се наменети и за деца на подолготрајно болничко лекување. Вонинституционални активности се кратки програми во траење од три часа дневно коишто можат да опфатат: игри, игровни активности, креативни работилници, детски работилници од подрачјето на културата и уметноста, спортски активности, наменети за деца на возраст од три години до поаѓање во основно училиште и се организираат и изведуваат од јавните детски градинки по добиено одобрение од министерот по мислење на Бирото за развој на образованието. Пилот-програми се програми со посебни педагошки принципи кои се изведуваат во јавни детски градинки по добиено одобрение од министерот по мислење на Бирото за развој на образованието.

88. **Органот на управување во јавна детска градинка е?**
Орган на управување во јавна установа за деца е управен одбор. Управниот одбор на јавна установа за деца основана од Владата го сочинуваат претставници на основачот на јавната установа за деца, на родителите и на општината и општината во градот Скопје на чие подрачје е седиштето на установата односно градот Скопје за детското одморалиште.

89. **Кој е орган на раководење со Јавна детска установа?**
Со јавна установа за деца раководи директор на установата, како орган на раководење. За директор на јавна детска градинка/центар за ран детски развој може да биде именувано односно избрано лице кое покрај општите услови утврдени со закон и условите утврдени во членот 142 од Законот за заштита на децата (Службен весник на Р.М. 23/13)е со високо образование (со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII1 степен) и ги исполнува условите утврдени во членот 135 од Законот за заштита на децата (Службен весник на Р.М. 23/13) за воспитувач, за стручен работник, за стручен соработник, лице со завршен филолошки факултет - наставна студиска програма и специјалистички студии за предучилишни педагози, правник и економист со високо образование (со стекнати 240 кредити

според ЕКТС или завршен VII1) и над четири години работно искуство по дипломирањето и поседува важечка лиценца за директор за установа за деца.

90. **Детската градинка прима и запишува деца:**
Детската градинка запишува и прима деца врз основа на пријави преку целата година.

91. **Ако во детската градинка има пријавено поголем број отколку што има слободни места, за прием на деца решава?**
Доклку во детската градинка има пријавено поголем број на деца отколку што има слободни места, за приемот решава комисија за прием на деца. Составот и начинот на работа на комисијата како и поблиските критериуми за прием на деца во градинката ги утврдува управниот одбор на градинката во согласност со советот на општината и советот на општината во Градот Скопје, а Министерството за јавна детска градинка основана од Владата. Комисијата ја именува директорот. По жалба против решението на комисијата решава градоначалникот на општината и општината во градот Скопје, а министерот за јавна детска градинка основана од Владата.

92. **Вонинституционалните активности, се организираат и изведуваат во јавните детски градинки од кого треба да се добие одобрение:**
Вонинституционални активности се кратки програми во траење од три часа дневно коишто можат да опфатат: игри, игровни активности, креативни работилници, детски работилници од подрачјето на културата и уметноста, спортски активности, наменети за деца на возраст од три години до поаѓање во основно училиште и се организираат и изведуваат од јавните детски градинки по добиено одобрение од министерот по мислење на Бирото за развој на образованието.

93. **во состав на јавната детска градинка, односно градинка во приватна сопственост може да се формира центар за ран детски развој со одлука:**
Во состав на јавна детска градинка односно детска градинка во приватна сопственост може да се формира центар за ран детски развој со одлука на основачот и под услови утврдени во овој закон.

94. **Стручен орган во јавна установа за деца е?**
Стручен орган во јавна установа за деца е стручен совет. Стручниот совет го сочинуваат вработени кои вршат стручна работа и ја остваруваат дејноста во установата и директорот.

**95. Кој раководи со стручниот совет?**

Со стручниот совет раководи директорот.

**96. Кој го сочинува стручниот совет во градинката?**

Стручниот совет во градинката го сочинуваат вработени кои вршат стручна работа и ја остваруваат дејноста во установата и директорот

**97. Какви работи извршува Стручниот совет во градинката?**

Стручниот совет во градинката утврдува стручни основи за остварување на програмата за работа, дава мислење и предлози до директорот во поглед на организацијата за работа и условите за работа, именува и разречува претсатвник на јавната установа за деца во управниот одбор на јавната установа за деца од редот на вработените кои вршат стручни работи и врши и други работи утврдени со статут.

**98. Кој го именува и разрешува претставникот на јавната установа за деца од редот на вработените во управниот одбор на јавната установа за деца?**

Претставникот на установата го предлага стручниот совет на установата, врз основа на стручност и компетентност, а го избира и разрешува основачот по постапка пропишана со статутот на установата.

**99. Во какви звања напредуваат воспитувачите во јавните детски градинки?**

Воспитувачот во јавна детска градинка може да напредува во звањата воспитувач-ментор и воспитувач – советник.

**100. Крајниот рок за донесување на Годишната програма за работа на градинката?**

Годишната програма за работа се донесува најдоцна до 30 септември во тековната година за наредната година.

**101. Во установа за деца како воспитно-образовни материјали за реализација на активностите од страна на згрижувачко воспитниот кадар се употребуваат?**

Воспитно-образовни материјали во установата за деца за реализација на активностите од страна на згрижувачко воспитниот кадар се употребуваат: прирачници и детски списанија, со решение за одобрување и употреба на прирачници и детски списанија донесено од Министерот, по предходно мислење на Педагошката служба.

**102. Кој ја подготвува годишната програма за работа на градинката?**

Годишната програма за работа на градинката ја подготвуваат стручните органи на правните лица кои вршат дејност во рамките на системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, врз основа на мислење од советот на родители

**103. Кој ја издава лиценцата за работа на стручните лица во јавните установи за деца?**

Лиценцата за работа на стручните лица во јавните установи за деца ја издава министерот за труд и социјална политика

**104. Во кој рок, до Комисијата за лиценцирање се поднесува барање за обновување, односно продолжување на лиценцата за работа?**

До Комисијата за лиценцирање се поднесува барање за обновување, односно продолжување на лиценцата за работа намалку три месеци пред истекот на лиценцата за работа.

**105. Кој врши надзор над стручната работа во остварувањето, згрижувањето, воспитанието, престојот,негата, исхраната:**

Надзор над стручната работа во остварувањето, згрижувањето, воспитанието, престојот, негата, исхраната врши Министерството за труд и социјална политика.

**106. Кој врши надзор над остварување на образовната работа во детските градинки?**

Надзор над остварување на образовната работа во детските градинки врши Министерството за образование.

**107. Вработените кои вршат работи од јавен интерес во дејностите: образование, здравство, култура, наука, труд и социјални работи, социјална заштита и заштита на детето, установите, фондовите, агенциите, јавните претпријатија основани од Република Македонија, а што не се опфатени со законот за државни службеници се...?**

Вработените кои вршат работи од јавен интерес во дејностите: образование, здравство, култура, наука, труд и социјални работи, социјална заштита и заштита на детето, установите, фондовите, агенциите, јавните претпријатија основани од Република Македонија, а што не се опфатени со законот за државни службеници се Јавна администрација.

**108. На јавниот службеник му престанува вработувањето врз основа на:**

На јавниот службеник му престанува вработувањето врз основа на Закон за јавни службеници.

**109. Во установите за деца се води педагошка евиденција и документација?**

Во установа за деца се води евиденција и документација. Начинот на водењето на евиденцијата и документацијата, како и содржината и формата на евиденцијата и документацијата ги пропишува министерот.

**110. Главната книга претставува документ од трајна вредност?**

Главната книга на децата и претставува документ од трајна вредност.

**111. Планирањето и подготвувањето на воспитно образовната работа во градинката/центарот за ран детски развој претставува?**

Планирањето и подготвувањето на воспитно образовната работа во градинката/центарот за ран детски развој претставува водење на педагошка евиденција.

**112. Вреднувањето на успехот на планираните активности од развојниот план на установите за згрижување и воспитување на деца од предучилиша возраст, се врши преку правилник за индикаторите за вреднување донесен од министерот за труд и социјална политика?**

Вреднувањето на успехот на планираните активности од развојниот план на установите за згрижување и воспитување на деца од предучилиша возраст, се врши преку правилник за индикаторите за вреднување донесен од министерот за труд и социјална политика